КОНЕКТ

# Годишен извештај
# за 2021 година

Скопје, март 2022 г.

## Прочитајте


....................................................................................................................................... 1

I. За Конект........................................................................................................................ 3

II. Конект во 2021 година низ бројки ........................................................................ 5

III. Филантропија .......................................................................................................... 7

3.1 Донаторскиот кружок - настан што роди надеж на крајот од тешка година - „Да донираш е љубов“ ........................................................................................................................ 7

3.2 Донаторски календар ................................................................................................ 9

IV. Унапредување на општествената одговорност ..................................................... 9

4.1 Бизнис без корупција................................................................................................ 9

4.2 Предводници за Целите на одржлив развој .......................................................... 10

5.1 Работиме со институциите ...................................................................................... 11

5.1.1 Локализација на Целите за одржлив развој ....................................................... 11

5.2 Формирање на иницијативи...................................................................................... 12

5.3 Конектирај се!© ......................................................................................................... 13

5.4 Меѓусекторски партнерски проекти за одржливост ............................................. 13

VI. Поддршка за граѓанските организации................................................................ 17

6.1 Промени за финансиска одржливост на ГО ........................................................... 17

6.2 Непрофитниот сектор и мерките за спречување перење пари и финансирање тероризам.. 17

6.3 Поддршка на ГО за соработка со донатори ............................................................ 23

6.4 Социјално претприемништво.................................................................................... 23

VI. Глобален договор ...................................................................................................... 24

7.1 Известување за вклученост ....................................................................................... 24

# I. За Конект

Веруваме дека Република Северна Македонија има потенцијал да се развива потпирајќи се на локални ресурси и капацитети. Се стремиме да изградиме општество во кое граѓаните и претпријатијата активно ќе се вклучуваат преку донации, волонтирање и сопствена одговорност и ќе придонесат за рамномерен одржлив развој на заедниците. Докажуваме дека граѓанските организации се природен партнер на граѓаните и претпријатијата во остварувањето на оваа визија. Така, се стремиме да развиваме одржливи партнерства помеѓу граѓанскиот, приватниот и јавниот сектор.

Од 2008-та, Конект го поттикнува и промовира приватното донирање и општествената одговорност насочени кон ефективен и долгорочен развој на Република Северна Македонија. Покажуваме дека филантропијата и општествената одговорност не се само редистрибуција на ресурсите, туку се моќна алатка за развој што носи придобивки за граѓанските организации, бизнисот, животната средина и за заедниците.

Општествената одговорност на претпријатијата (ООП) е неминовен начин на водење бизнис што обезбедува одржлив развој како на бизнисот, така и на општеството. Имено, кога ООП се интегрира во бизнис стратегијата, му овозможува на претпријатието зголемена продуктивност, иновативност и долгорочен одржлив развој.

Работиме со и за:

- Бизнисите (компании и мали и средни претпријатија);
- Индивидуалци и семејства што донираат;
- Непрофитни субјекти: граѓански организации и социјални претпријатија;
- Јавните институции.

Главни полиња за работа:

- Општествена одговорност на претпријатија (ООП);
- Филантропија;
- Социјална економија;
- Волонтерство;
- Одржлив развој.

Имаме експертиза за (избор):

- Стратешко обмислување на општествената одговорност на претпријатија;
- Стратешка индивидуална и корпоративна филантропија;
- Истражување во полињата на работа;
- Развој и анализа на јавни политики;
- Социјално претприемаштво и градење капацитети во овој домен;
- Градење капацитети и техничка помош за институции, претпријатија и граѓански организации (ГО);
- Овозможување и олеснување на меѓу-секторни партнерства.

Како ја оствaруваме мисијата?

- Ги поттикнуваме поединците и семејствата да донираат мудро и обмислено;
- Ги поддржуваме деловните субјекти, без оглед на големината, да донираат и вложуваат во заедницата стратешки и со долгорочно влијание;
- Ги поттикнуваме луѓето насекаде низ нашата земја да ги осмислат своите донации, бидејќи и малите донации кога се здружени можат да променат многу;
- Ја подигнуваме свеста за потенцијалот на филантропијата и општествената одговорност да го постигне вистинското влијание во општеството;
- Ја промовираме и поттикнуваме општествената одговорност на претпријатијата.

Што правиме?

- Директни консултации и услуги на претпријатијата, поединците и нивните семејства;
- Застапуваме за законска рамка и опкружување кое ќе ја поттикнува филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата;
- Изготвуваме анализи, истражувања и извештаи;
- Споделуваме добри практики и споредбени искуства;
- Им даваме поддршка на непрофитните субјекти (здруженија на граѓани, фондации, јавни институции, итн.) за тоа како да бидат доверливи приматели на донации;
- Го поддржуваме градењето на суштински и продуктивни меѓу-секторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции и заедниците.

Во периодот на известување Конект е:

- Организација-домаќин на Мрежата на Глобалниот договор во Република Северна Македонија (РСМ) како дел од системот на Глобалниот договор на ОН[1];
- Член на Националното координативно тело за ООП на РСМ;
- Контакт центар на Регионалната мрежа за ООП на мали бизниси во Централна, Јужна и Источна Европа формирана од UNIDO[2];
- Членка на Американската стопанска комора во Северна Македонија (AmCham);
- Основач на мрежата за финансиска одржливост на граѓански организации која брои 111 членки – ГО;
- Членка на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата;
- Имплементатор на MAMFORCE стандардот за Северна Македонија;
- Членка на „The Funding Network“;
- Членка на Глобалната коализија на непрофитни организации за FATF[3];
- Членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

[1] United Nations Global Compact – Гобален договор на Обединетите нации
[2] United Nations Industrial Development Organization
[3] Global NPO Coalition on FATF (Financial Action Task Force)

## II. Конект во 2021 година низ бројки

Оваа година одликувавме **22 предводници на Целите за одржлив развој** (ЦОР) со 8 награди и 14 признанија. Направивме **проценка на потребите во оваа област на 35 локални самоуправи од 8 плански региони**. Организиравме **4 работилници за локализација на ЦОР**. Имплементиравме **4 меѓусекторски партнерски проекти посветени на 6 Цели** за одржлив развој кои им овозможија на над **200 млади**, од кои **32% од семејства со ниски примања**, да ја зголемат својата вработливост; на **4 самохрани родителки** припаднички на групата под прагот на сиромаштија финансиски да се зајакнат; на **100 припадници на малцинско маргинализирано население** од кои **72 деца од улица** да се реинтегрираат во општеството и на **100 жени од руралните средини** да добијат одрживо решение за продажба на нивните производи. Пристапивме кон **32 бизниси на кои им овозможивме да поддржат ГО** како начин за исполнување на нивните стратегии за општествена одговорност. **Предложивме 12 паметни идеи за донирање во ГО**. Во рамките на иницијативата за спречување перење пари и финансирање тероризам вклучивме **199 претставници на институции, банки, граѓански организации и бизниси** кој дадоа придонес во дијалогот и градење на подобрен систем за заштита на ГО. Активно дадовме придонес за унапредување на регулативата учествувајќи во подобрувањето на **9 акти (закони и стратешки документи), важни за нашата мисија**. Се стремиме кон повеќе...



| | |
|---|---|
| Институционален грант на Цивика мобилитас, МЦМС | 1.693.744,00 |
| Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државните институции и бизнис секторот - Европска Комисија | 788.900,00 |
| Партнерства за целите за одржлив развој-Да не заборавиме никого"-поддржан од Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) | 1.746.473,00 |
| Проект на УСАИД за граѓанско учество | 2.398.621,00 |
| Проект за вклучување на непрофитните организации со акцент на верските заедници, Human Security Collective, програма на ГИЗ за Западен Балкан и дел од глобалната програма за справување со недозволени финансиски текови (GIZ Global Program Combating Illicit Financial Flows) | 803.988,00 |
| Проект за прашања за вклученост на ГО во заштита од финансирање на тероризам и перење пари во Северна Македонија - Европски центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) | 1.264.400,00 |
| Поддршка на процесот на проценка на ризиците на непрофитните организации од финансирање тероризам согласно П8 на ФАТФ, ГИЗ | 441.056,00 |
| Поддршка на длабинска анализа за бизнис и човекови права во Македонија - Twentyfifty Ltd. | 247.088,00 |
| EMES ASBL - учество на Конференција во Букурешт - EU Cost програма | 45.469,00 |
| Донации од физички лица (вклучително и Донаторски кружок) | 226.436,00 |
| Донации и спонзорства од компании | 307.973,00 |
| Приходи од субвенции на придонеси, Министерство за финансии | 51.984,00 |
| Учество на конференција | 24.583,00 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 274.564,00 |
| Приходи од сопствена дејност | 161.270,00 |
| Приходи од членарини - Глобален договор | 136.000,00 |
| Пренесен вишок од минатата година | 10.502.337,00 |
| Останати приходи | 23.720,00 |
| **Вкупно** | **21.138.606,00** |



Вкупните приходи во 2021 година изнесуваа 21.138.606 денари, а расходите 9.537.996 денари. Во организацијата беа вработени пет лица на четири работни позиции со полно работно време до 11.2021 кога тимот се прошири на пет работни позиции. Месечната бруто плата на извршната директорка изнесува 112.586 денари. Односот помеѓу најниската и највисоката плата во организацијата изнесува 1:2,34, додека помеѓу просечната и највисоката плата 1:1,51. Слично како и во 2020 година, платите и административните трошоци во 2021 година имаа повисок процентуален удел во вкупните расходи поради заштеди во програмски трошоци од реализација на активностите без физичко присуство за време на пандемијата со Covid-19.

## III. Филантропија

Конект им помага на сите што донираат тоа да го прават обмислено и на начин што најмногу ќе придонесе кон решавање на проблемите и нивните причини, наместо за ублажување на последиците. Сметаме дека граѓанските организации се природниот партнер на граѓаните и бизнисите што донираат и донациите треба да се насочат кон нив за да остварат промени во заедниците во кои делуваат. Затоа, посветено работиме за креирање услови за одржлив развој на граѓанските организации. Им помагаме да се поврзат со локалните донатори и поддржувачи, да градат партнерства и да научат самостојно да прибираат ресурси.

Градиме односи со индивидуалните и корпоративни донатори и им овозможуваме да донираат паметно. Со нашите активности ги здружуваме донациите за да покажеме дека и малите донации заедно можат да направат голема промена.

### 3.1 Донаторскиот кружок - настан што роди надеж на крајот од тешка година - „Да донираш е љубов“

По Донаторскиот кружок што го организиравме на крајот на 2020-та каде **прибравме донации од 445.000,00 денари за три здруженија**, ја следевме реализацијата на донациите и споделивме до донаторите како нашите здружени донации почнаа да прават добри промени:

**Здружение за дислексија Ајнштајн**



Помогнавме на 50 дечиња кои се соочуваат со дислексија, дисграфија, диспраксија или дискалкулија да го подобрат своето читање, пишување, сметање, внимание и фокус. Така, тие полесно учат во училиште. Нашите донации овозможија да се креираат и дизајнираат 26 дрвени сетови со невро-баланс табли, се обезбеди превод на стручна литература за потребите на методот, се подготви и испечати прирачникот за употреба и вежби за методот, се набавија потребните топчиња и врвки и се испечатија вежбанки. **„Благодарение на донаторскиот кружок ја креиравме иновативната програма Невро - баланс метода. Сега учениците со дислексија во нашиот центар на интересен и забавен начин**

**постигнуваат баланс помеѓу двете мозочни половини и читаат на многу полесен начин.**“ – Дамјан Николовски, Ајнштајн

Рурална Коалиција




Платформата „Наша тезга“ станува реалност со помош на студенти, и волонтери од компании. Жените земјоделки се пријавувија и научија како да се вклучат на платформата. Наскоро ќе ги читаме нивните приказни и ќе можете да ги купиме нивните производи. „**Донаторите од донаторскиот кружок нè охрабрија да оствариме поблиски контакти со целата заедница кои ќе ни помогнат да го доуредиме логото, да направиме барем три различни пакети на производи што ќе ги понудиме како промотивни пакети на фирми, компании, па и на граѓански организации, како и воспоставување на целосен систем за нарачка за што ќе ни треба и најголема експертска поддршка. На крајот на годината ќе направиме и промотивен настан со сите наши партнери, поддржувачи и засегнати страни и веќе платформата со сите елементи ќе може непречено да си работи.**“ – Лилјана Јоноски, Рурална коалиција

Доброволно противпожарно друштво Свети Николе



Нашите херои пожарникари беа постојано на терен и ревносно учествуваа во гаснењето на пожарите во изминатиот летен период. Инспирирани од донаторскиот кружок со наша помош се придружија и други компании, па сега можат да се направат позначајни промени на просторот. Со нетрпение чекаме да појдеме на отворањето. „**Вредно работевме од последниот пат кога се видовме. Имавме 27 технички интервенции и 14 акции за гаснење пожари и сите разбраа колку пожарникарите доброволци се важни. Им благодариме на сите донатори од донаторскиот кружок што ни овозможија да започнеме да создаваме услови за подобро и поефикасно работење на нашето друштво.**“ – Кирил Думпавлов, ДПД Св. Николе

Донаторскиот кружок е поддржан од програмата Цивика Мобилитас која го поддржува годишниот план за работа на Конект. Со успешната примена на методологијата на донаторски кружоци, Конект формално стана членка на „The Funding Network“ – меѓународна мрежа на

организации што го применуваат моделот на донирање на специјални настани (live crowdfunding).

Сакате да се придружите на донаторскиот кружок? Пишете ни на konekt@konekt.org.mk

## 3.2 Донаторски календар




Во втората половина од годината оствариме прекрасна соработка со креативниот тим на академијата „Џолев и уметностите“ што покрај донираните дизајни за Донаторскиот календар за 2021 година, ќе продолжи и со изработка на дизајни во наредната година. Донаторскиот календар продолжува да им користи како потсетник со идеи на оние кои сакаат да поддржат вредни иницијативи и ГО од доверба.

# IV. Унапредување на општествената одговорност

Континуирано работиме на едукација на претпријатијата и соработуваме со нив. Им овозможуваме нивното општествено влијание да биде поефективно за што креираме можности за нивно активно вклучување во заедницата. Преку специјализирани решенија или постоечки добри практики им помагаме на фирмите да ги идентификуваат конкретните цели, стратегии и програми за успешна филантропија и ООП.

## 4.1 Бизнис без корупција

Продолживме да работиме со заедница на компании и професионалци коишто покажуваат дека бизнисот треба да се развива без корупција. Ги надградивме интернет ресурсите и алатките за интерактивна поддршката за бизнисите со кои го искоренуваме ставот дека корупцијата стана неодминлив и прифатлив трошок за водење бизнис. Преку прирачници, ресурси и интерактивни алатки на www.bezkorupcija.mk го применуваа стекнатото знаење од обуките одржани во претходните години.

Како клучен елемент за воспоставување на систематски пристап кон јавен дијалог за прашања поврзани со интегритетот и антикорупцијата во приватниот сектор, со својата работа продолжи и Советодавна група со над 20 членови од најрелевантните институции, бизнис комори и организации, граѓански организации итн. Ова меѓусекторско тело дискутира за подобрување на политиките за заштита од корупцијата.

Онлајн конференцијата за интегритет и борба против корупција „Бизнис без корупција“ што ја организиравме на 22.01.2021 година овозможи дијалог и размена помеѓу 110 учесници од институциите, бизнис заедницата, дипломатскиот кор, медиумите, граѓанските организации, како и домашните и меѓународни експерти. Силни пораки за потребата од јакнење на интегритетот испратија Заменик претседателот на Владата на РСМ задолжен за борба против корупција, претставници на раководни позиции од Делегацијата на ЕУ и Европската банка за обнова и развој. Претставниците од бизнис комори како и извршните директори на компании што се вклучија активно во иницијативата повикаа на колективно делување и ја истакнаа потребата од меѓу-секторска соработка за градење на култура на интегритет. Се истакна важноста поддршката на бизнисите да продолжи бидејќи дава значајни резултати. Пораката на настанот беше пренесена од медиумите со над 28 објави. Како дополнителна вредност на




настанот, со поддршка на Мрежата на Глобалниот договор на ОН во Северна Македонија се овозможи размена на искуства со претставници од сродните мрежи и нивните бизнис членки од Швајцарија и Бугарија. Во сесијата за меѓународна размена учествуваше и претставник од Босна и Херцеговина.

Овие активности се дел од проектот „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и приватниот бизнис-сектор“ финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Центарот за граѓански комуникации во партнерство со Конект и Здружението на даночни работници.

## 4.2 Предводници за Целите на одржлив развој

Објавивме повик за доделување награди наменети за компании и поединци од компании кои вложуваат во практиките за општествена одговорност и заедницата и придонесуваат кон исполнување на најмалку една од Целите за одржлив развој (ЦОР).

Со наградите ги препознавме и истакнавме напорите и практиките кои промовираат одржлив развој на бизнисот и го забрзуваат постигнувањето на Агендата 2030. На гала церемонијата за доделување награди одликувавме 22 предводници на Целите за одржлив развој со 8 награди и 14 признанија за своите инспиративни практики.

Вицепремиерот на државата и постојаниот координатор на Обединетите нации пренесоа моќни пораки за релевантноста и значењето на оваа глобална агенда во земјата. Тие ги поздравија нашите напори да ги промовираме и мотивираме бизнисите и поединците да преземат клучна улога во градењето партнерства со другите засегнати страни за општествени промени користејќи ги ЦОР како нивна централна платформа.



## V. Секторите работат заеднички за Целите за одржлив развој

Целите за одржлив развој претставуваат поттик кон градење партнерства и заеднички активности на ГО, бизнис секторот и институциите. Нивната сплотеност во работењето е со цел постигнување промени кои позитивно ќе влијаат на развојот и заедниците.

### 5.1 Работиме со институциите

Истражувањата и искуствата докажаа дека координацијата и работењето во партнерство со сите засегнати страни се единствениот начин да се постигнат вистински промени. Следејќи ја Агендата 2030 и ЦОР, институциите веќе имаат значајно искуство што е полезно да се насочи за подобрување на системот со што ќе овозможи и динамично приближување до ЦОР. Конект активно застапуваше и преку низа настани за консултации и писмени придонеси активно се вклучи во креирањето на првиот Доброволен национален преглед – извештај во кој државата го дефинира напредокот во исполнувањето на целите и ги дефинира идните чекори.



#### 5.1.1 Локализација на Целите за одржлив развој

Целите за одржлив развој се патоказ за подобар свет. Донесени во 2015 година, имаме уште 10 години за да ги исполниме, а таква голема промена не можеме сами да направиме. Екстремната сиромаштија, нееднаквоста, климатските промени не се нешто што може еден сектор да ги реши.

Ниту институциите, ниту бизнисите, ниту граѓанските организации, ниту медиумите. Мораме да работиме заеднички за да постигнеме реални промени. Забележавме дека на локално ниво дури 83% од општините немаат доволно знаења за Агендата 2030 и за тоа како можат да ја користат во своето работење.

По спроведена проценка на потребите на 35 локални самоуправи од сите плански региони, во соработка со ГИЗ, Налас и Зелс, одржавме работилници за локализирање на целите во 4 општини: Струмица, Шуто Оризари, Битола и Кочани. Работилниците придонесоа кон зајакнување на капацитетите на општините во насока на добро стратешко планирање и ги подобри практичните знаења за идентификување на ефективни одржливи решенија. Претставници од локалната самоуправа, локални институции и ГО низ заедничка дискусија мапираа и утврдија приоритетни цели на чие исполнување ќе работат заеднички и посветено во наредните неколку години.



Да не оставаме никој зад нас – ова е клучен принцип во примената на ЦОР особено значаен за да се овозможи ова да биде агенда што ќе ги вклучи сите. Поврзаноста на ЦОР со нашата мисија ја согледуваме во моќта на здруженото делување на различни чинители заеднички (институции – бизниси – граѓански организации). Во текот на 2021-та посветено работевме на промоција на ЦОР меѓу различните чинители.

Направивме чекор понапред кон исполнување на Целите за одржлив развој на ОН. Низ низа активности, оваа година работевме на развивање на меѓусекторски партнерства и преку активно вклучување на претставници од сите сектори на општеството заеднички обликувавме промени.

## 5.2 Формирање на иницијативи

На самиот почеток на годината, над 90 претставници на клучни чинители на нашето општество (институции, ГО, бизниси, академија, медиуми и студенти) заеднички идентификуваа приоритетни ЦОР и формираа заеднички проектни иницијативи. Овие проектни иницијативи понатаму беа презентирани на Конектирај се! каде 60 учесници добија можност да склучат соработка со ГО и да постанат дел од промените за одржливост во својата заедница. Оттаму, пристапивме кон 20 компании и претставници на бизнис секторот за продлабочување на соработката и идентификување на начините за вклучување.

## 5.3 Конектирај се!©




Во нашето работење, особено внимание посветуваме на градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции, заедниците и индивидуалците. Веруваме дека ова е единствен начин за градење вистински позитивни промени и во нашето работење го поттикнуваме овој дијалог и соработка. Сервисот за поврзување на граѓански организации со компании, има за цел пренесување на вештините и знаењата од компаниите на граѓанските организации и социјалните претпријатија. Во текот на 2021 година сервисот им обезбеди на компаниите да се поврзат со здруженија за заеднички да делуваат во насока на Целите за одржлив развој.

Континуираното унапредување на меѓусекторската соработка резултираше со создавање на група од над 90 претставници на клучните чинители на нашето општество (институции, граѓански организации, бизниси, академија, медиуми и млади студенти) кои ги идентификуваа приоритетните Цели за одржлив развој и дефинираа заеднички проектни иницијативи. Овие меѓусекторски иницијативи беа претставени од ГО на настанот Конектирај се!, каде што околу 60 учесници имаа можност да соработуваат со граѓанските организации и да станат дел од промените за одржливост во нивните заедници.



По настанот, пристапивме на 32 компании и им помогнавме да ја препознаат поддршката на овие проекти и ГО како можност да ја унапредат нивната општествена одговорност. На 8 ГО низ менторски сесии им овозможивме да ги подобрат приодите за прибирање на поддршка, да идентификуваат потенцијални партнери надвор од нивниот сектор, иницираат контакт и да воспоставуваат соработки.

## 5.4 Меѓусекторски партнерски проекти за одржливост

Формираните иницијативи прераснаа во четири проекти за промени за одржливост и дадоа важен придонес кон исполнување на Агендата 2030. Проектите ги опфатија ЦОР 2,3,4,5,8 и 13 и во нивната имплементација се вклучија претставници од приватниот сектор, индивидуални донатори и корпоративни волонтери кои придонесоа преку донации во материјални и финансиски добра, споделија експертиза, ги зголемија капацитетите на

корисниците преку обуки и донираа дизајнерски и маркетинг решенија за промоција на проектите. Со здружени напори, Конект, ГО и сите поддржувачи од приватниот сектор ги имплементираа 4-те проекти за ЦОР а со тоа им овозможија на над 200 млади од кои 32% од семејства со ниски примања да ја зголемат својата вработливост; на 4 самохрани родителки припаднички на групата под прагот на сиромаштија финансиски да се зајакнат преку стекнување вештини за самовработување; на 100 припадници на малцинско маргинализирано население од кои 72 деца од улица преку едукација и менување на животните навики да се реинтегрираат во општеството и на 100 жени од руралните средини да добијат платформа како одржливо решение за продажба на нивните производи.

## Летна школа за финансиска писменост

Глобал Шејперс

Низ специјални програми за едукација, младите ќе ја зголемуваат нивната вработливост и ќе се охрабрат да бидат ангажирани граѓани во заедниците. Обуките се на различни теми и ги надополнуваат недостатоците на вештини и мотивација.




- ✓ Проектот ја зголеми финансиската писменост кај младите, а со тоа и помогна во градењето на нивните капацитети и вештини за справување со финансиската ситуација и управувањето со сопствените ресурси.
- ✓ Над 100 млади се стекнаа со и ги зајакнаа своите вештини за финансиска писменост, а со тоа се зголеми и нивната конкурентност на пазарот за труд
- ✓ Изработен прирачник за финансиска писменост
- ✓ Опфатени теми кои не се покриени со формалното образование




### Инклузивноста е клучна и истата е возможна

- Летната школа беше посетена од учесници од повеќе од 30 различни населени места во државата и надвор од неа.
- Втор најголем сегмент од учесниците (речиси 32%) потекнуваат од домаќинства со месечен приход од под 30.000 денари.
- Дополнително, се одржа обука за основите на финансиската писменост за младите од СОС Детско село каде 20 млади активно се вклучија во обуката.

## Женски рурален е-пазар

Рурална коалиција

Некои пазари во пандемијата се празни, но, вкусната храна произведена од вредните жени земјоделки преку интернет може да дојде на нашата трпеза. Се подготвува е-пазар што ќе даде можност за задржување на работата и ќе го намали товарот на жените од нашите села.




- ✓ Проект посветен на поттикнувањето на зелената економија со придонес кон одржливоста на руралните заедници.
- ✓ 100 жени од руралните средини добија платформа како одржливо решение за продажба на нивните производи, а со тоа и начин за остварување на приход за своите семејства.




- ✓ Воспоставен функционален онлајн женски рурален пазар за продажба на земјоделски производи и преработки кој што е прв од таков вид кај нас.
- ✓ Креирани 3 промотивни пакети со земјоделски производи од сите плански региони на државата. Продажбата на истите го надмина планираниот таргет и го поттикна интересот за овие производи кај бизнис заедницата.

## Побезбедни и посигурни во време на пандемска криза

Дневен центар за деца од улица Шуто оризари



- ✓ Преку информативни и промотивни материјали ја промовиравме работата и активностите на центарот во насока на креирање нови партнерства и продлабочување на постоечките.
- ✓ За центарот поддршката од бизнис заедницата е клучна. По низа консултации и менторски сесии, центарот креираше пристап до компании за иницирање, организирање и одржување контакт со компаниите, а во насока на поттикнување на одржливоста на самиот центар.

Центарот се грижи за децата од улица и им помага на нашите маргинализирани сограѓани да се заштитат од пандемијата и да го остварат правото на здравствена заштита преку делење материјали, средства и упатување.





- ✓ 72 деца на возраст од 4 до 15 години научија како преку стекнување на правилни навики можат самите да го заштитат своето здравје и како можат да го остварат своето право на здравствено осигурување.
- ✓ Значаен придонес кон менување на наративите кај овие дечиња за важноста од одржување на хигиената.

### Урбани градини – решение за гладта и климатските промени

Мама Органа

Да изградиме еко-урбана градина со почва произведена од органски отпад и таа да биде катче што ќе даде можност за работен ангажман и излез од гладта за нашите сограѓани. Градината има содржини за сите посетители.



- ✓ Одржани 3 работилници за процесите на производство на различни расади и култури и 2 работилници за традиционална и онлајн продажба со кои се стекнаа со вештини значајни за пазарот на труд.




- ✓ Проектот им помогна на 4 самохрани родителки припаднички на групата под прагот на сиромаштија финансиски да се зајакнат преку стекнување вештини за самовработување.
- ✓ Од првичните 50, произведени се дополнителни 70 садници кои исто така, се дел од понудата на производи. Производите се продаваат онлајн, на социјалните медиуми, како и на саеми и базари.

„Целите за одржлив развој се акцискиот план на светот за фер глобализација и подобра иднина за сите. Имаме десет години да ја оживееме таа визија – и таму можеме да стигнеме само заедно.“- Антонио Гутерес, Генерален секретар на ОН.

# VI. Поддршка за граѓанските организации

## 6.1 Промени за финансиска одрживост на ГО

**111 ГО продолжија да делуваат обединети во Мрежата за финансиска одрживост** на ГО и со нив заеднички продолжуваме да застапуваме за законски измени што ќе овозможат поволна средина за финансиска одрживост на граѓанскиот сектор. Придружете ни се и <<зачленете се во мрежата>>.

Активностите за застапување продолжија и во 2021-та. Активно се вклучивме во процесот за да се изменат **4 иницијативи и 3 предлози за измени на закони и политики** и тоа за:

- Закон за донации и спонзорства во јавните дејности;
- Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија заедно со Акцискиот план (2021-2023);
- Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството и планот за спроведување;
- Законот за волонтерство;
- Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам;
- Национален акциски план за имплементација на Водечките принципи на ОН за бизнисот и човековите права;
- ГО и понатаму се вклучија во спроведувањето на Проценката на ризикот од финансирање тероризам за непрофитните организации.

Претставничка на Конект стана членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество со што активно даваме придонес за развој на граѓанското општество вклучувајќи ги и членките на Мрежата за финансиска оддржливост. На тој начин ги вклучуваме организациите што се нови, помали и надвор од Скопје.

## 6.2 Непрофитниот сектор и мерките за спречување перење пари и финансирање тероризам

Во 2021 година во Конект продолживме активно да работиме на влијанието на регулативата за спречување перење пари и финансирање тероризам врз НПО и нивна заштита од можни злоупотреби во партнерство со Управата за финансиско разузнавање (УФР). Ги вклучивме сите засегнати страни во градење системски решенија и придонесовме кон усогласување со меѓународните текови. Активностите ни се фокусираа на следното:

**Проценка на ризик од финансирање тероризам за НПО**

- Преку консултативен процес и тесна соработка со непрофитниот сектор, Северна Македонија го заврши процесот на проценка на ризикот за непрофитните организации и покажа дека е можна ваква ефективна соработка со непрофитниот сектор. Дополнително Владата го разгледа, усвои и објави „Извештајот за спроведената проценка на ризик од финансирање на тероризам за непрофитните организации“.

Проценка утврди дека **ризикот од финансирање тероризам за непрофитните организации во Северна Македонија е низок кон среден и опфаќа само за мала подгрупа од непрофитниот сектор (13%),** додека остатокот од непрофитниот сектор се квалификуваше со низок ризик. Проценката исто така дефинира низа мерки за ублажување и превентивни активности кои промовираат меѓусекторска соработка.




- Во 2021 година Конект го отвори и значајното прашање за опфат на религиските организации во системот за заштита од ФТ и ПП кое произлегува од мерките за ублажување на ризиците идентификувани како потреба во рамки на Проценката. За таа цел се креираше првата компаративна анализа од овој тип, чии клучни наоди се согледаа на онлајн **Регионалниот форум** (27.10.2021 година), каде **учество земаа 54 претставници на 13 земји.** Како производ на форумот, беа изработени регионални заклучоци кои ги дисеминиравме до клучните засегнати страни и учесниците од форумот.

Подобрување на регулативата

- Продолживме да работиме на давање експертски придонес и коментари за предлог на законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам. Во оваа насока, а во партнерство со ECNL, направивме усогласеност на законот со директивата на ЕУ. Дополнително во соработка со Македонската банкарска асоцијација развивме дополнителен сет на коментари чија главна цел е отстранување на НПО од засилената длабинска анализа и примена на пристап базиран на ризик кон искористувањето на НПО за ПП и ФТ. Во овој процес, новиот сет на коментари ги дистрибуиравме и со Мрежата за финансиска одржливост на граѓански организации, овозможувајќи уште поширока јавна консултација со НПО секторот. Последната верзија од предлог законот ја споделивме со УФР. Законот во моментов е во меѓуинституционална постапка, поради што во наредниот период ќе продолжиме да се залагаме и лобираме за усвојување на новиот закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

- Во соработка со УФР, Народна банка на Република Северна Македонија (НБРМ) и МБА согледавме дека е потребно да се развијат индикаторите за сомнителни трансакции кај НПО коишто конкретно ќе ја насочат работата со непрофитните организации во областа спречување перење пари и финансирање тероризам. Преку овие индикатори банките утврдуваат дали трансакцијата на НПО е сомнителна или не. При разгледувањето на трансакциите, а особено при спроведувањето на анализата на НПО како клиент, важно е банките да се раководат од Проценката на ризици и нејзините наоди.



  Имајки ја предвид спроведената Проценка, како дел од Проектот на УСАИД за граѓанско учество се формираше работна група од претставници на институциите, членките на МБА и непрофитните организации. Тие за прв пат заеднички ги разгледаа овие индикатори за да ја подобрат нивната ефективност и да овозможат анализа базирана на ризици. **На вкупно пет (5) работни средби на работната група активно учество земаа 48 учесници од 2 државни институции, 13 банки, 2 штедилници и 2 ГО**. Покрај ревидирањето на постоечките индикатори, работевме и на подготовка на материјал за толкувачки белешки за ревизијата на индикаторите со цел тие да претставуваат унифициран пристап и да станат дел од банкарските практики на државно ниво. Партиципативниот приод кој ги вклучи сите засегнати страни беше полезн и придонесува за заедничко разбирање за примената и толкувањето на индикаторите.

  Како додадена вредност од процесот на заедничко работење, преку средбите на работната група увидовме дека е важно непрофитните организации да го разберат работењето на банките, но истовремено увидовме дека е потребно банките и регулаторот да добијат повеќе информации за природата на работењето на непрофитните организации која честопати се разликува од таа на останатите субјекти. Од овој процес исто така се утврди потребата за спроведување обуки на вработените на баките за подобрување и олеснување на работата со НПО како клиенти.

### Поддршка на примена на законски измени

- Во соработка со УФР и Централниот регистар (ЦР), Конект го поддржа процесот на имплементација на Регистарот на вистински сопственици кај НПО. Ги сослушавме дилемите на секторот на НПО, ги идентификувавме чекорите во постапката. Развивме кориснички објаснувачки извештај за НПО. Документот беше консултиран и официјално одобрен од институциите спроведувачи – ЦР и УФР. Понатаму, Конект ги дистрибуираше информациите до над 900 граѓански организации вклучувајќи ги мрежите и Граѓанскиот ресурсен центар. Дополнително, информациите се достапни на веб-страницата на Конект. Како резултат на заедничките напори на Конект, УФР и ЦР, **6.142 граѓански организации го регистрираа својот**

**вистински сопственик**. Во Конект продолжуваме и понатаму да овозможуваме информации и поддршка за НПО на оваа тема.

## Градење капацитети

- Го промовирвме разбирањето за Проценката и ги запознавме непрофитните организации со факторите на ризик, начините на злоупотреби и како да ги заштитат своите организации, заедно со УФР, Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и УСАИД, спроведовме онлајн информативни средби. Во периодот мај-август 2021 година спроведовме **вкупно 4 информативни средби со учество на 101 НПО**, со акцент на оние организации кои работат во областите кои се ризични за ПП и ФТ.

- За едукативни цели на сите засегнати страни, УФР, ЕЦНЛ и Конект објавија и кратко резиме за главните наоди од Проценката, нивното значење за непрофитните организации и мерките за ублажување. Овој материјал е лесен за користење и овозможува подобро разбирање на темата и наодите од Проценката. Полезен е и за службите во банкарскиот сектор кои директно работат со НПО како нивни клиенти. Прочитајте:




- Кои непрофитни организации се опфатени со Проценката?
- Какви се ризиците за финансирање тероризам во нашата земја?
- Кои се препорачаните мерки за заштита?
- Кои се механизмите за само-регулација на НПО што можат да им користат на банките?

**Конект го дистрибуираше резимето во печатена форма до 160 ГО**. Документот е достапен електронски на македонски, албански и англиски јазик

- Како дел од мерките за ублажување на ризиците идентификувани во рамки на Проценката на ризик од финансирање тероризам се и обуки за непрофитни организации. **За прв пат во нашата земја се спроведоа вакви специјализирани обуки**. Преку нив организациите се обучуваат да ги препознаат, идентификуваат и ублажат потенцијалните ризици што би можеле да ги имаат во врска со спречување перење пари и финансирање тероризам. **Првата обука се одржа на 24.12.2021 година, каде учество зедоа 20 учесници, претставници од 15 НПО**. Во првиот квартал од следната година ќе продолжиме со спроведување на обуките (вкупно 6 обуки), со цел да стигнеме до што поглем број на организации кои ќе можат да бидат обучени на оваа тема.

Приручник за НПО – Заштити ја својата организација!




Со заеднички пионерски напори со соработниците од УФР и ЕЦНЛ, го креиравме **прviот Прирачник за спречување на изложеност на непрофитниот сектор на перење пари и финансирање тероризам**. Прирачникот го креиравме за нашиот контекст и во него ги вклучивме најдобрите светски ресурси и материјали на темата. За негова подготовка се ангажираше меѓународна експертиза, но и локална – експерти од банки и финансиски институции, со цел да се осигура дека нивните перспективи на системите за спречување перење пари и финансирање тероризам се разбирливи за непрофитните организации.

Овој прирачник ги води непрофитните организации чекор по чекор во развивање на нивната отпорност од злоупотреби. За банките тој е одличен едукативен ресурс кој можат да го користат и споделуваат со непрофитните организации како нивни клиенти. На овој начин, банките и непрофитните организации ќе се осигураат дека превенираат и се штитат од перење пари и финансирање тероризам.

Конект го дистрибуираше Прирачникот во печатена форма до 160 ГО - учесници на Инфо сесиите за промоција на Проценката на ризикот на НПО, учесници од обуките, до Управата за финансиско разузнавање и Македонската банкарска асоцијација. Прирачникот е достапен и електронски и во печатена форма на македонски, албански и англиски јазик (**вкупен тираж од 600 примероци**).




## Механизам за саморегулација кај непрофитните организации од ПП и ФТ – Ознака за доверба

- Ознаката за доверба претставува само-регулурачки систем кој има за цел на граѓаните и на компаниите да им го олесни изборот на доверливи организации во коишто можат да донираат. Таа се стреми долгорочно да ја зголеми довербата помеѓу ГО и локалните донатори. Ознаката се добива преку внимателно креиран процес и критериуми за транспарентност, отчетност, резултати од работењето, почитување на законската регулатива итн.

- Ознаката за доверба ги вклчува препораките на ФАТФ овозможувајќи им на граѓанските организации успешно да се заштитат од ризикот да бидат злоупотребени од перење пари и финансирање тероризам. Токму затоа Ознаката е препознаена и во Проценката на ризик од финансирање тероризам за непрофитните органиации како ефективна

само-регулурачка мерка. Ова најмногу се должи на тоа што таа за граѓанските организации вклучува внатрешни механизми за заштита кои се препознаени од донаторите, банките и пошироката заедница. Граѓанските организации коишто ја поседуваат Ознаката за доверба се добри партнери на граѓаните, но и на останатите чинители во заедницата. На тој начин банките Ознаката за доверба можат да ја користат како ресурс во своите проверки и активно да ја споделуваат со клиентите за да се усогласат со добрите стандарди особено во делот на финансиското работење.

- Едукативна брошура за „Ознаката за доверба" е материјал кој може да го споделите за оваа успешна мерка за само-регулација за спречување перење пари и финансирање тероризам кај непрофитните организации. Конект активно работи на дополнително доближување на Ознаката до граѓанските организации преку едукација и директна менторска поддршка за да се зголеми бројот на организации што ќе се здобијат со Ознаката и ќе го усогласат своето работење со стандардите што ги поставува. Со цел поголема дисеминација и запознавање со Ознаката за доверба, едукативната брошура во печатена форма се сподели со 160 ГО.

Конект го прифати и се обврзува да го применува во работата **Кодексот за граѓански организации.** Така, заедно со уште 50-тина организации го јакнеме системот за само-регулација за поголема професионалност, отчетност во нашиот граѓански сектор.

**Меѓународни достигнувања**

- Покрај интензивната работа на темата локално, а со цел споделување на добрите практики од нашата земја, Конект во партнерство со УФР и ЕЦНЛ, организираше меѓународен форум за 90 учесници од 22 јурисдикции, Егмонт, MONEYVAL, банки и непрофитни организации. На меѓународниот форум на влади и непрофитни организации под насловот „Непрофитни организации и проценка на ризик – ангажман и научени лекции за ефикасна имплементација" и со меѓународната јавност ги споделивме искуствата од спроведена проценка за ризикот од финансирање на тероризм за непрофитните организации во земјата. На самиот форум се промовираше РСМ како предводник во воспоставување партнерство со непрофитниот сектор и другите релевантни чинители за спроведување на ваков вид на проценка на ризици. Форумот беше поддржан и од Претседателот на Република Северна Македонија, г-дин Стево Пендаровски истакнувајќи дека „нашата главна грижа мора да биде да не се наруши



деликатната рамнотежа меѓу националната безбедност и слободите како врвна вредност“. Повеќе информации за регионалниот форум се достапни на овој <<линк>>.

Горенаведените активности ги реализиравме со поддршка на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, ECNL и GIZ – Германско друштво за интернационална соработка преку Human Security Collective. Конект и понатаму продолжува да е во центарот на случувањата на оваа тема преку активна поддршка на сите засегнати страни, како и работење на зголемување на свеста и информираноста на НПО.

## 6.3 Поддршка на ГО за соработка со донатори

Континуирано ги едуцираме граѓанските организации за тоа како да се приближат до индивидуалните и корпоративните донатори. Ја споделуваме нашата експертиза широко во секторот.

Низ процесот на Конектирај се!, по Донаторскиот кружок и во рамки на меѓу-секторските проекти ги менториравме организациите за како да го дефинираат својот приод кон потенцијалните поддржувачи. Ваквата поддршка што се состоеше од стратешко советување, преглед на алатки за прибирање ресурси, менторирање и поврзување овозможи 8 ГО да ја прошират својата база на партнери и поддржувачи.

## 6.4 Социјално претприемништво

Фокусирано работиме на развивање на еко-систем за развој на социјалното претприемништво како на локално така и на регионално ниво. Соработуваме со сите чинители - институциите, компаниите, донаторите, граѓанскиот сектор и медиумите. Тесно врзан за нашата мисија е и концептот на користење на претприемачки вештини за градење на позитивни промени во заедницата.

Во 2021 година продолживме посветено да работиме на градење на подобар еко-систем за социјалните претпријатија. Својата експертиза ја вложивме во процесите на развој на Стратегијата за социјално претприемништво и на идната законска регулатива. Социјалните претпријатија се дел од нашите корисници кои ги поддржавме низ процес на развој на нивни проекти и партнерства (види стр. 13).

# VI. Глобален договор

Глобалниот договор на Обединетите нации е најголемата светска иницијатива за општествена одговорност на претпријатија. Околу десетте принципи на оваа иницијатива **поврзани се над 12.000 доброволни учесници од 170 земји во светот**. Конект е организација домаќин на Мрежата на Глобалниот договор на ОН во Северна Македонија.

## 7.1 Известување за вклученост

Согласно политиките за известување на Глобалниот договор на Обединетите нации членките кои не припаѓаат на бизнис секторот имаат обврска да поднесат Известување за вклученост. Во рамки на својот извештај за 2021 година, Конект известува за својата вклученост во иницијативата и за поддршката на принципите на Глобалниот договор. Во табелата подолу се назначени поглавјата поврзани со групата 10 принципи на Глобалниот договор.

„Поврзаноста на Мисијата на Конект со имплементацијата на десетте принципи на Глобалниот договор на Обединетите нации не мотивираат активно да работиме во областите на човековите права, трудот, животна средина и борба против корупцијата. Во Конект со секој работен ден ја изразуваме континуираната поддршка, заложба, но и реална практика за зацврстување и примена на овие принципи. Ни претставува чест што сме организација домаќин на Мрежата и активно придонесуваме за нејзиниот развој. Со своите активности и залагања Мрежата на Глобалниот договор во Северна Македонија придонесе за подигнување на свеста во бизнис заедницата и кај институциите дека сите подеднакво сме одговорни за примена на принципите на Глобалниот договор. Развојот на компаниите и развојот на заедницата се обврска на секој чинител и тој принцип ние се обидуваме да го прошириме, бидејќи само со заедничка и синхронизирана акција можеме да очекуваме долгорочен развој на сите сегменти од нашето живеење.“

Никица Кусиникова
Членка на управниот одбор на Мрежата на Глобалниот договор во Северна Македонија
Извршна директорка на Конект

Вклученост во Глобалниот договор на обединетите нации и негова промоција

Македонската мрежа на ГД е првата мрежа во земјата целосно посветена на подобрување на општествената одговорност. Формирана во 2004 година, Мрежата е активна повеќе од една деценија. Сочинета е од компании, граѓански организации и други членови од кои 16 со активно членство на меѓународно ниво. Организација домаќин е Здружението Конект што со сроден фокус на унапредување на општествената одговорност на претпријатијата, активно работи на градењето на Мрежата и на промовирање на нејзините принципи. Ние сме активен контакт центар за членките, поттикнувач на активности и промотор на нејзините принципи.

Вклучување на бизнис заедницата во активности поврзани со ООП и Глобалниот договор

Конект континуирано ги вклучува членките на Глобалниот договор на ОН и пошироката бизнис заедница во своите активности и го промовира членувањето на мрежата како адекватен начин на напредување во практиките за ООП. Нашите активности се директно поврзани со корпоративна филантропија, ООП и градењето партнерства поддржани од бизнис заедницата како релевантна засегната страна. Дополнително, во своите активности за едукација на бизнис секторот секогаш се вклучени и аспектите поврзани со Глобалниот договор на ОН. Годинава

особено беше актуелна соработката со мрежата во доменот на промоцијата на Целите за одржлив развој, бизнис интегритетот итн.

Дополнително Конект обезбеди оперативна база за функционирање на мрежата како и адекватна експертиза.

Табелата подолу вклучува приказ на места од овој извештај каде можат да се најдат активности и мерливи резултати за постигнувањата поврзни со 10-те принципи на Глобалниот договор.

| | | |
|---|---|---|
| Човекови права | Принцип 1: Компаниите треба да ја поддржуваат и почитуваат заштитата на меѓународно признатите човекови права и<br><br>Принцип 2: Да се осигураат дека не учествуваат во прекршувања на човековите права. | 4.2 /5.4/ 5.1.1 |
| Работни односи | Принцип 3: Компаниите треба да ја поддржуваат слободата на здружување и ефективното признавање на правото на колективно преговарање;<br><br>Принцип 4: Елиминација на сите форми на принудна или задолжителна работа;<br><br>Принцип 5: Ефективно искоренување на детскиот труд и<br><br>Принцип 6: Елиминација на дискриминација во однос на вработување и професија. | 5.4 |
| Животна средина | Принцип 7: Компаниите треба да имаат внимателен пристап при справувањето со предизвиците поврзани со животната средина;<br><br>Принцип 8: Да преземаат иницијативи за промоција на поголема одговорност за животната средина; и<br><br>Принцип 9: Да го охрабруваат развојот и ширењето на еколошки технологии. | 5.4 / 6.1 |
| Спречување на корупција | Принцип 10: Компаниите треба да работат против корупцијата во сите нејзини форми, вклучувајќи изнуда и мито. | 4.1 |

ул. „Владимир Полежиновски” 19-1/6,
1000 Скопје, Северна Македонија
тел: +389 2 3224 198
e-mail: konekt@konekt.org.mk
www.konekt.org.mk

www.donirajpametno.mk
http://konekt.org.mk/sdgs
www.bezkorupcija.mk
www.konekt.org.mk/blog